Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........................................................................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........................................................................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................................................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ............ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ............ 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ............ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА И МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-39/7 од 14.2.2013 год., донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во Штип, одржана 14.2.2013 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија по распишаниот Конкурс за избор на асистент за научната област применета математика и математичко моделирање.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" од 25.12.2012 год., и во предвидениот рок се пријавиле:

– м-р Влатко Јовановски асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип,
– м-р Климентина Климоска од Скопје.

Врз основа на приложената документација чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Според податоците за пријавените кандидати, а имајќи го предвид член 130 од Законот за високото образование, може да се констатира следново:

Кандидатот под реден број 2, м-р Климентина Климоска не ги исполнува законски пропишаните услови за избор во соработничко звање асистент. Поради тоа, пријавата на кандидатот по реден број 2 нема да се евалуира.

Врз основа на податоците од пристигнатите пријави, ќе се осврнеме, пошироко, на кандидатот кој ги исполнува условите за избор во соработничко звање – асистент за наставно-научната област применета математика и математичко моделирање, м-р Влатко Јовановски.

### *Биографски податоци*

Кандидатот **м-р Влатко Јовановски** е роден на 1 ноември 1977 година во Штип. Основното и средното образование (електроника) завршува во Штип, со одличен успех. Дипломира на Факултетот за природни и технички науки во Штип во 2002 год. По полагањето на предвидените испити,од постдипломските студии на Факултетот за природни и технички науки во Штип, со просечна оцена 9,5, на 7 јуни 2007 година кандидатот јавно ја одбранува темата „*Анализа и моделирање на хидролошките процеси во сливното подрачје на река Брегалница*" со што се стекнува со академски степен **магистер на технички науки.**

На 22 ноември 2009 година на Факултетот по електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на кандидатот му е одобрена изработка на **докторската дисертација** на тема „*Ефикасни нумерички методи за електромагнетно моделирање во слоевити средини*" под менторство на академик проф. д-р Леонид Грчев.

### *Наставно - образовна дејност и работно искуство*

Во учебната 2005/2006 и 2006/2007 година како **демонстратор** учествува во реализацијата на аудиториските и лабораториски вежби на Факултетот за природни и технички науки во Штип.

Од јуни 2007 година согласно со одлуката на Матичната комисија за формирање на државниот Универзитет во Штип, кандидатот е избран за **помлад асистент** по предметите од областа на информатички технологии на Факултетот за информатика.

На 3 јуни 2010 година за првпат е избран во соработничко звање асистент на Факултетот за информатика при државниот универзитет во Штип.

Како демонстратор на Факултетот за природни и технички науки во Штип, м-р Влатко Јовановски работи на примена на најновите апликативни софтвери во инженерството, а по изборот за помлад асистент и асистент на Факултетот за информатика активно учествува на примена на интернет технологиите, софтверското инженерство и осовременување на методите на примена на ИКТ во наставата:

1. Како помлад асистент и асистент на Факултетот за информатика по предметите: Современо е - општество (Штип), Интернет технологии (Штип), Интернет технологии (Берово), Е - општество (Штип), Е - општество (диспензирани студии Струмица), Е-општество (диспензирани студии Берово), Софтверски процеси (Штип), Софтверски процеси (диспензирани студии Струмица), Современо е - општество (диспензирани студии Струмица); Интернет технологии (диспензирани студии Кавадарци), Е - општество (диспензирани студии Кавадарци), Софтверски процеси (диспензирани студии Кавадарци), Управување со софтверски проекти (Штип) и Управување со софтверски проекти (диспензирани студии Струмица), Практична настава (Штип) и Практична настава (Струмица).
2. Како асистент одржува вежби и на Правниот факултет во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што има предмет од областа на информатиката, на студиите во Штип и диспензирани студии во Кочани.
3. Одржува вежби и на Факултетот за природни и технички науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што има предмет од областа на информатиката, на студиите во Штип.
4. Како помлад асистент одржува вежби и на Педагошкиот факултет во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што има група предмети од областа на информатичките технологии (Основи на информатика 1, Основи на информатика 2 и Информатика во образованието)
5. Одржува вежби на Економскиот факултет во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што има предмет од областа на информатиката на студиите во Струмица.
6. Во моментов одржува предавање и вежби и на Факултетот за музичка уметност во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на сите насоки каде што предмет од областа на информатиката.

***Научноистражувачка дејност***

Покрај наставно-педагошката дејност кандидатот се занимава со научноистражувачка работа, која се гледа од приложените научни трудови, учесник во научноистражувачки проекти (TEMPUS, меѓународни, билатерални и национални). Исто така, кандидатот посетува повеќе обуки и реализира два студиски престоја за кои има стекнато сертификати. Исто така, кандидатот повеќе пати учествува во научно-популарни РТВ емисии, каде што освен својата научноистражувачка работа ја промовира работата на Универзитетот.

Објавил повеќе трудови како автор и коавтор во зборници на трудови и научни списанија во земјава и во странство. Учествува на конгреси, симпозиуми и интернационални конференции:

***Објавени научни трудови во областа во која се избира соработникот***

1. **Vlatko Jovanovski**, Verica A. Jovanovska, Dusan Bikov, Aleksandar Krstev, The influence of Financial potential in determining the model for sustainability of freight forwarding Ilirija International review, Publications.uiliria.org ISSN 2192-7081 Vol. 2012/2, ILIRIA College (Kosovo) in cooperation with Felix – Verlag (Germany), Prishtina, 2012.
2. **Vlatko Jovanovski**, Gabriela Suteva, Aleksandra Stojanova, Verica Atanasova Jovanovska, Aleksandar Krstev, The influence of Information Technology in determining the model for sustainability of freight forwarding, ARSA-2012 - Virtual International Conference on Advanced Research in Scientific Fields, Slovakia, 2012.
3. **Vlatko Jovanovski,** Verica, A., Jovanovska, Todor Cekerovski, Market Strategies Supported by Information Technology, 5$^{th}$ International Conference for Entrepreneurship

Innovation and Regional Development, Sofia, Bulgaria, June1-2, 2012.

4. **V. Jovanovski,** A. Krstev, V. Atanasova Jovanovska, Methods for testing consistency and homogeneity of the hydrological processes data, 11th international multidisciplinary scientific geoconference sgem2011, sgem2011 conference proceedings/ ISSN 1314-2704, vol. 2, 621-628 pp, doi: 10.5593/sgem2011/s11.105, Albena 2011. (International Cited Conference).
5. Gabriela Suteva, Natasha Maksimova, **Vlatko Jovanovski,** Fractions and operation with fractions, using of interactive table, IETC - may 25-27, 2011 Istanbul, Turkey.
6. Atanasova V, **Jovanovski V,** Radosavljevik Bojceva M, "Creating Online Business after a period of global economic crisis," 2nd International Conference "Economics and Business in post-recession period", Prilep, October 2010.
7. Наташа Максимова, **Влатко Јовановски,** Лимонка Лазарова „Компјутерска и мрежна безбедност на системи за управување со документи" - Зборник на трудови на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, ISSN 1857-7229, ISBN 978-608-4504-28-3, 2009.
8. **Jovanovski Vlatko,** Application of Information Technology in the Realization of Teaching in Primary School, IV International Scientific Conference of Contemporary Intension in Education, Vol. 2, Ohrid 2008.
9. **Јовановски Т. Влатко,** Анализа и моделирање на хидролошките процеси во сливното подрачје на река Брегалница, магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за природни и технички науки, 2007 година.
10. **Jovanovski Vlatko**, Delipetrov, T., Dimov, G.: ARIMA modeling of annual rainfall in the river Bregalnica basin, Geologica Macedonica ISSN 0352-1206 (Vol. 21 2007).
11. Delipetrov, T, **Jovanovski Vlatko**, Time series model & forecast of Hydro-climatic data in basin area of river Bregalnica, SGEM, VI-th International Scietific Conference Modeln Management of Mine Producting, Geology and Enviroment Protection, Republic of Bulgaria (Vol.6 2006). (International Cited Conference).

***Објавени научни трудови во други научни области***

1. A. Krstev, B. Krstev, T. Danevski, A. Lazarov, **V. Jovanovski,** the treatment of medical waste – technologies, location and origin, 12th international multidisciplinary scientific geoconference, sgem2012 conference proceedings/ ISSN 1314-2704, vol. 5, 989 - 994 pp., doi: 10.5593/sgem2012/s20.v5133, Albena, 2012 (International Cited Conference).
2. **Vlatko Jovanovski,** Gabriela Suteva, Verica A. Jovanovska, Todor Cekerovski, A macro analysis of the united states recoverywith a particular focus on public debt, Ilirija International review, Publications.uiliria.org Issn 2192-7081 Vol. 2012/1, ILIRIA College (Kosovo) in cooperation with Felix – Verlag (Germany), Prishtina, 2012.
3. Atanasova V, **Jovanovski V,** Suteva G, Danailova C, Cekerovski T, "Hybrid learning Approach in Higher Education", III Scientific meeting "Education in 21 century", Bitola, December 2011.
4. A. Krstev, **V. Jovanovski,** B. Krstev, D. Krstev, Information technology in logistics: advantages, challenges and opportunity for efficiency from problem decision in different activities, 11th international multidisciplinary scientific geoconference sgem2011, sgem2011 conference proceedings/ ISSN 1314-2704, vol. 2, 533-538 pp, doi: 10.5593/sgem2011/s10.108, Albena 2011. (International Cited Conference).
5. **Jovanovski Vlatko,** Gorgi Dimov, Hidrogeological Characteristics of the Watersuplie Sites Fortuna, Shtip Lake and ARM, First Congres of Geologists in R. Macedonia, Посебно издание Vol. 2, Geologica Macedonica No 2, Охрид 2008 година.
6. Горги Димов, **Влатко Јовановски,** Современи инженерско - геолошки процеси и појави во околината на Охридско езеро, I конгрес на Геолозите на Република Македонија, Посебно издание Vol. 2, Geologica Macedonica No 2, Охрид 2008.
7. Karakasev, D., Delipetrov, T., Blazev, K. **Jovanovski Vlatko**, Determination of the level of erosion in the Bregalnica river basin, Geologica Macedonica ISSN 0352-1206 (Vol. 20 2006).
8. Petrov, G., Panovska, S., Dimov, G, **Jovanovski Vlatko**: Determination of the geothermal potential by geophysical investigations in Karbinci and Tarinci area, in the vincinity of

Stip, Geologica Macedonica ISSN 0352-1206 (Vol. 19, 2005).

9. Popovski, R., Karakasev, D., Doneva, B., Panovska, S., Dimov, G., **Jovanovski Vlatko:** Making an optimal geotechnical model of the crone of the dam Otinja in Stip, First regional congres for geotechnical faculties, Modern metods and tools in Geotechnology (VR, RS, GIS, CAD/CAM, CFD, DB, 2D&3D modeling), GEOREKS 2007.

***Научноистражувачки проекти***

***Реализирани проекти***

1. Проект за безбедни ИКТ и интернет за деца, Генерален секретаријат на Влада на Р. Македонија, Штип - Скопје 2011 год.
2. Проект за успешна имплементација на закон за спречување и заштита од дискриминација, Општина Штип, 2011 година.
3. Проект за модернизација на образованието, Примена на ИКТ, акредитиран обучувач од Биро за образование, МОН, Скопје 2010 година.
4. TEMPUS PROJECT IETC JEP-40020-2005 "Integrating E-learning across Teachers Curriculum" (2005 – 2009).
5. Bilateral project (Ministry of education & science of Republic of Macedonia & Republic of Albania) "Water pollution of Ohrid Lake and water pollution of soils around it by discharge of mines and their deposits" (2007).
6. TEMPUS PROJECT IB_JEP-17071-2002 "Geomagnetic measurements & quality standards" (2002 - 2006).
7. Идеен проект „Користење на термоминералните води на бања Кежовица" Општина Штип и Факултетот за природни и технички науки во Штип (2003).

***Курсеви, обуки и стекнати сертификати***

1. Потврда за курс по албански јазик (2011);
2. Потврда за курс по турски јазик (2011);
3. Сертификат за акредитиран обучувач во Проект за модернизација на образованието, Примена на ИКТ, Биро за образование, МОН, Скопје 2010 година.
4. TEMPUS project IETC JEP-40020-2005 "Integrating E-learning across Teachers Curriculum".Сертификат за учество во проект (2009).
5. Студиски престој, TEMPUS PROJECT IETC JEP-40020-2005 "Integrating E-learning across Teachers Curriculum", University of Groningen, Center of Education – Groningen, Nederland (2009).
6. Microsoft Certificate of Achievement for successfully completed course in Programming with C# (Microsoft academy – Semos, Skopje 2008).
7. UNDP Macedonia, „Вработување преку посредување", проект за приближување на невработени млади стручни кадри со виско образование и претпријатијата во приватна и државна сопственост (2007).
8. Certificate for instructor of geomagnetic measurements, TEMPUS project IB_JEP-17071-2002 Geomagnetic measurements & quality standards (2006)
9. Положен стручен испит за државен службеник, Влада на Република Македонија, Агенција за државни службеници – Скопје, Република Македонија (2006).
10. Студиски престој, TEMPUS project IB_JEP-17071-2002 Influence of Electromagnetic emission and quality standards (IGRF model) Vienna - Austria (2004).
11. Потврда за курс по англиски јазик (2005).
12. Обука за вработување и отворање мал бизнис, Мотива - Скопје (2004).
13. Потврда за курс по компјутери и интернет (Windows, MS Office, Internet, 2002).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот со стекнатиот академски степен на образование, објавените научни трудови, учеството во реализацијата на наставата и работа на научноистражувачки проекти ги исполнува сите критериуми за избор во академско звање асистент.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **м-р Влатко Јовановски** да го избере во **асистент** за научната област применета математика и математичко моделирање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Ред. проф. д-р Јордан Живановиќ, претседател с.р.**
**Вон. проф. д-р Владо Гичев, член с.р.**
**Доц. д-р Мартин Лукаревски, член, с.р.**

**Прилог**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Влатко Јовановски, асистент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестри, во изборниот период) | 15 | 0,5 × 3 | **22,5** |
| Учество во образовна РТВ програма | 10 | 0,5 | **5** |
| | | **Вкупно** | **27,5** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание (ред. бр. 1, 4, 13, 14, 17, 19 и 20) | 7 | 3 | **21** |
| Труд објавен на меѓународни конференции (2, 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 15, 16 и 18) | 12 | 2 | **24** |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник со трудови на научен собир (ред. бр. 11) | 1 | 1 | **1** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник на научен проект (мах. во 3 проекти) | 3 | 2 | **6** |
| Студиски престој во странство (8 еднократно) | 1 | 8 | **8** |
| Учество на научен собир со реферат (усно)... | 1,5 и 2 | 3 | **5,5** |
| | | **Вкупно** | **69,5** |
| Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност | | | |
| Член на факултетски комисии и тела | 3 | 2 | **6** |
| Учесник на научен проект (мах. во 3 проекти) | 3 | 2 | **6** |
| | | **Вкупно** | **12** |
| | | **Вкупно** | **109** |

Минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на кандидатот по неговиот избор за помлад асистент кои се потребни за да биде избран во соработничко звање асистент се: 25 поени од научно-образовна дејност и научноистражувачка дејност.

Кандидатот м-р Влатко Јовановски ги има остварено следниве поени: НО=27.5, НИ=68.5 и САОР=12 или вкупно 109 поени за избор во асистент.